РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СУДСКИ СОВЕТ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр.01-285/1
13-02-2019 201 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 став 1 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр.60/06, 150/10, 100/11, 20/15, 61/15, 197/17 и 83/18) и член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судска служба ("Службен весник на РМ" бр. 248/18) Судскиот совет на Република Македонија на ден 13.02.2019 донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за додатоци на плата, нивната висина и начинот на утврдување за судските службеници

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат додатоците на плата, нивната висина и начинот на утврдување за судските службеници во Врховниот суд на Република Македонија, Вишиот управен суд, Управниот суд, апелационите и основните судови.

### Член 2

Исклучителната компонента на плата на судските службеници ја сочинуваат:

-додаток на плата за посебни услови за работа,

-додаток на плата за постоење на висок ризик ,

-додаток на плата за доверливост, и

-додаток на плата за ноќна работа, работа во смени и прекувремена работа.

### Член 3

Судските службеници се лица кои во судовите вршат стручни, административни, информатички, технички, статистичко-аналитички и материјално-финансиски работи во согласност со закон.

### Член 4

Посебните услови за работа од член 2 алинеја 1 од овој Правилник произлегуваат од работите и задачите од членот 3 од овој Правилник и се однесуваат на:

-просторните и материјално-технички услови за работа;

-особено ангажирање во извршување на работите и задачите од работното место или други определени работи и извршување на истите со особен квалитет;

-покажана иницијативност во работата која се манифестира со давање корисни предлози и решенија кои придонесуваат за поголема ефикасност и остварување поголеми резултати во работењето;

-извршување на посеопфатни работи и задачи во однос на работите и задачите кои обично се извршуваат;

-континуирана обука за стручно усовршување и покажана особена стручност и професионалност во примената на законите и други пропсиси;

-успешно и во текот на подолг временски период извршување на работи и задачи од отсутен судски службеник.

**Член 5**

Постоење на висок ризик од член 2 алинеја 2 од овој Правилник произлегува од вршењето на работите и задачите во услови на:

- работа под стрес ; и

-закани по безбедноста на животот, телото на судскиот службеник, неговото семејство како и на имотот.

**Член 6**

Доверливоста од член 2 алинеја 3 од овој Правилник е должност на судскиот службеник да ја чува од неовластено откривање класифициранота информација со соодветни степен на тајност утврдена согласно со закон, прибавена од други државни органи или правни лица.

Судскиот службеник е обврзан за заштита на личните податоци како основни слободи и права на граѓаните –учесници во судските постапки, а особено правата на приватност.

Во услови кога со закон јавноста е исклучена, судскиот службеник е должен да ги чува како тајна сознанијата и фактите утврдени во постапката.

**Член 7**

Висината на додатоците на плата на судските службеници се утврдува во процентуален износ од основната плата на судскиот службеник за:

-посебни услови за работа во висина до 5%,

-постоење на висок ризик во висина до 10%,

-доверливост во висина до 10%, и

-ноќна работа, работа во смени и прекувремена работа во висина до 10%.

**Член 8**

Додатоците на плата од членот 2 од овој Правилник меѓусебно не се исклучуваат.

Вкупниот износ на висината на додатоците од членот 2 алинеја 1, 2 ,3 и 4 од овој Правилник не може да изнесува повеќе од 35% од основната плата на судскиот службеник.

Вкупниот износ на обезбедени финансиски средства за исплата на додатоците од членот 2 алинеја 1, 2, 3 и 4 од овој Правилник, го определува Судскиот буџетски совет за секој месец со посебна одлука во рамките на расположливиот буџет на судската власт.

**Член 9**

По донесена одлука од Судскиот буџетски совет за обезбедени финансиски средства, претседателот на судот најдоцна до средината на месецот може да донесе решение за исплата на додаток односно додатоци од членот 2 од овој Правилник на судски службеник од судот за претходниот месец.

Решението треба да содржи образложение за исполнетоста на условите за утврдување на правото на додаток по критериумите предвидени во членот 4, 5 и 6 од овој Правилник.

**Член 10**

Против решението на претседателот на судот од членот 9 став 1 од овој Правилник, судскиот службеник има право на приговор до Комисија формирана од претседателот на судот, која е составена од двајца судии и еден вработен во судската служба во рок од осум дена од приемот на истото.

Доколку претседателот на судот не го донесе решението од членот 9 став 1 од овој Правилник, судскиот службеник кој смета дека ги исполнува условите за утврдување на правото на додаток на плата има право да поднесе приговор до Комисијата формирана од претседателот на судот, која е составена од двајца судии и еден вработен во судската служба до истекот на месецот во кој претседателот на судот требало да донесе решение.

**Член 11**

Овој Правилник влегува во сила со денот на добивање согласност од Министерот за финансии, а ќе започне да се применува од 1 март 2019 година.

**Судски совет**
**на Република Македонија**
**Претседател,**
**Зоран Караџовски**